## ОБРАЌАЊЕ НА ДЕКАНОТ ДО СТУДЕНТИТЕ

**Почитувани студенти,**

Изборот да студирате на Правниот факултет е многу правилен за сите коишто имаат желба да навлезат подлабоко во сферата на правото и новинарството. Овој факултет ви овозможува да стекнете современи и корисни знаења и вештини, кои ќе ви помогнат во идниот професионален развој и усовршување. На Република Северна Македонија и на Европската унија, како идни европски граѓани, им се потребни, а ќе им бидат уште попотребни квалитетни дипломирани правници и дипломирани новинари кои ќе придонесат кон зајакнувањето на правната држава и демократијата.

Наставните и предметните програми, современиот начин на реализација на наставата, достапноста на наставничкиот и соработничкиот кадар, силно развиениот модел на електронско учење, практичните активности, одличните просторни услови, високиот степен на објективност при оценувањето и можноста за соработка со европските универзитети се едни од причините зошто велиме дека ќе имате квалитетно високо образование.

Секој од нас се стреми да ги развива големите цивилизациски вредности, како што се правдата, слободата, еднаквоста и достоинството. Како идни правници, судии, обвинители, адвокати, нотари, извршители, политичари, дипломати и новинари, вие треба да ги промовирате и штитите овие вредности. Во текот на студирањето, преку наставните содржини, но и како дел од академската заедница на Правниот факултет, овие вредности ќе добијат уште поголемо значење за вас, помагајќи во градењето на вистински чесни правници и новинари и угледни граѓани на Европа.

Наставничкиот и соработничкиот кадар ви посакува добредојде во нашата институција, со силна верба дека ја исполнуваме најблагородната мисија – да придонесеме кон напредокот на секој наш студент и напредокот на нашето општество.

## МИСИЈА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ

По конституирањето на Република Северна Македонија како самостојна и суверена држава, нужно се наложи потребата од самостојно извршување на сите државни функции, вклучително на правосудните, административните, политичките и други функции што се од витално значење за зачувување на територијалниот интегритет на Република Северна Македонија, нормалното функционирање на сите институции во рамките на државата, меѓународната афирмација на земјава како правна држава итн.

Мисија на Правниот факултет е:

- Да се развие како транспарентна високообразовна институција во која ќе се образуваат кадри за работа во правосудните органи, јавната администрација, стопанството, во електронските и пишаните медиуми како и во секоја друга област во која се потребни знаења од областа на правните науки и новинарството.
- Да се развие како отворена институција во која ќе се отсликува европски осмислениот модел на едукација, како преку исполнување на стандардите и нормативите во образовниот систем, така и преку вклучување на европските и светските трендови во наставните планови и програми.

Структурата на Правниот факултет со седиште во **Штип** како единица во состав на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип за учебната 2019/2020 година, ја чинат следниве насоки:

- Правни студии (четиригодишни студии) - Штип
- Правни студии (четиригодишни студии) - Струмица
- Медиумски студии и односи со јавноста (четиригодишни студии) - Штип

Како млада високообразовна институција, сметаме дека Правниот факултет ќе заземе видно место во редот на високообразовните институции во Република Северна Македонија и пошироко.

На тој начин ги зголемивме можностите нашите дипломирани студенти - правници, но и завршените студенти од други слични професии, да се заинтересират да го продолжат своето идно образование и усовршување, запишувајќи се на една од шестте насоки на постдипломските студии на нашиот Факултет. Запишувањејќи се на една од шестте насоки на втор циклус на студии, студентите имаат можност да се стекнат со диплома од втор циклус на студии со 60 и 120 ЕКТС.

Со досегашните додипломски и со новите и осовремени студиски програми за студентите на постдипломските студии, Правниот факултет во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, како единствен Правен факултет што е лоциран во источниот дел на земјата, побудува голем интерес кај младите за оваа професија.

Правниот факултет со успешното реализирање на додипломските и постдипломски студии прави обид да профилира и оспособи компетентни и специјализирани стручни кадри, коишто со своите продлабочени специјалистички знаења ќе придонесат за зголемување на ефикасноста на правосудството, ажурноста на администрацијата, транспарентноста на дипломатијата и непристрасноста на новинарството во печатените и електронските медиуми.

Во денешни услови ваквиот кадар е дефицитарен во нашата земја, а интересот за вакви стручни и специјалистички квалификации е мошне голем.

## ВИЗИЈА, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ

- Создавање на стручен профил на дипломирани правници коишто успешно ќе работат во правосудството, нотарството, јавната администрација и во правните служби на голем број стопански субјекти од општествениот и приватниот сектор во Република Северна Македонија и пошироко.
- Создавање на стручен профил на дипломирани новинари коишто успешно ќе се вклучат во работата на јавните и приватните електронски и пишани медиуми.
- Остварување на образовната мисија како претпоставка за успешен развој на младата личност.
- Ширење на просветителската мисија и традициите на правосудството и јавната администрација во овој дел од земјава.
- Создавање на научен подмладок на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и негова компатибилност со кадрите едуцирани во другите македонски и европските образовни системи и потреби кои ги наметнува новиот милениум.
- Зголемување на степенот на ефикасност и независност во судството, обвинителството и администрацијата, зголемување на транспарентноста и непристрасноста на новинарството, преку современата едукација и прифаќањето на современите вредносни тенденции и преку стекнување на висока стручност и компетенции како предуслов за фаќање чекор со современите европски и светски искуства во рамките на правото и администрацијата.

### ИНФОРМАЦИИ ЗА ФАКУЛТЕТОТ

Структурата на додипломските студиски програми за учебната 2019/2020 година на Правниот факултет ја сочинуваат следниве насоки:

- Правни студии (четиригодишни студии) - Штип
- Правни студии (четиригодишни студии) - Струмица
- Медиумски студии и односи со јавноста (четиригодишни студии) - Штип

Целокупната настава се реализира на Правниот факултет во Штип, Струмица,

Правиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип располага со:

- Најсовремено опремена судница за настава и пракса на студентите, предавални и Свечена сала на Правниот факултет, предавални во Скопје доделени на Правниот факултет и наставниот центар во Струмица се просториите

определнни за непречено одвивање на сите активности (предавања, вежби, колоквиуми, испити) во рамките на сите студиски програми на сите насоки;
- библиотека со преку 8.500 наслови на книги и периодични списанија;
- современи компјутерски училници поврзани на Интернет мрежата со другите факултети при УГД-Штип;
- потребна дополнителна техничка опрема (графоскопи, ЛЦД проектори, видеобимови, фотокопир итн.);
- соодветна кадровска екипираност.

**Услови и начини на запишување на додипломски студии**

Студирањето на факултетите во состав на Универзитетот се организира во согласност со Законот за високото образование.

На додипломски студии може да се запише лице кое има завршено четиригодишно средно образование и ако ги исполнува условите и критериумите утврдени со конкурсот за запишување.

Потребни документи за упис на Правниот факултет се:

- пријава за запишување;
- оригинални свидетелства од сите класови;
- државна матура, меѓународна матура или училишна матура;
- свидетелство за завршено средно образование;
- извод од матичната книга на родените;
- доказ за државјанство на РМ (уверение или решение).

  Сите документи се доставуваат во оригинална верзија.

**Студиските програми се направени така што:**

- е задржана практиката на едносеместрални предметни програми;
- онаму каде што има потреба се прави измена и во неделниот фонд на часови и истиот се достигнува најмногу до 30 часа неделно;
- водевме сметка и за соодносот помеѓу бројот на тесно стручните и општообразовните предмети;
- на сите предмети им е придружен соодветен код;
- на сите предмети се доделени кредити, согласно со критериумите на ЕКТС, водејќи притоа сметка да нема големи отстапувања во однос на кредити по семестри, а придржувајќи се притоа на барањето вкупниот број на кредити по студиска програма да биде 240 ЕКТС во траење од 4 (четири) години.
- оценувањето се врши по две основи: континуирано и од завршен испит (кумулативно во однос на завршен испит 70% спрема 30%).
- бројот на часови по предмети и семестри го задоволуваат квантумот од потреби и не претставуваат оптоварување, согласно со возраста на студентите;
- со отворањето на новите насоки и со приспособување на нашите со наставните планови и програми на Правните факултети во Република Северна Македонија, согласно со новиот Закон за високо образование, во голема мера ќе ги оспособиме нашите студенти да стекнат стручни знаења од областа на правото, јавната администрација, европската дипломатијата и новинарството, да развијат реторички, комуникативни и тесно-стручни компентенции, да научат некој странски јазик и да стекнат солидна информатичка култура;
- секоја предметна програма е изразена со точно определен број на кредити со кои се изразува целокупната оптовареност на студентот за совладување на предметна програма; кредитите се доделуваат само за исполнети предвидени обврски на студентот;

  бројот на кредитите што студентот треба да ги оствари до 30 за еден семестар, или вкупно 60 за една година; студентот во зависност од насоката што ја избрал треба да ги оствари по полагањето на предвидените испити и изработката на дипломската работа или завршен испит за студиската програма Правни студии и Медиумски студии и односи со јавноста 240 кредити;
- За студентите по одредени предмети се изведува клиничка настава, посети на одредени државни институции и се предвидува соодветна пракса согласно со насоката на која се запишани за да можат од поблиску да се запознаат со начинот на функционирање на современото општество. Правниот факултет согласно со Правилникот за работа пропишува одредени критериуми, односно потребен број на кредитни поени како услов за запишување во наредна

студиска година.

## ЗВАЊЕ СО КОЕ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО

Студентот кој завршил додипломски студии на Факултетот запишан учебната 2019/2020 година се стекнува со назив:

1. Правни студии

   - Дипломиран правник (во траење од 4 години, 240 ЕКТС) (модули: Административно право, Граѓанско право, Деловно право, Казнено право, Меѓународно право и меѓународни односи, Финансово право)

2. Медиумски студии и односи со јавноста

   - Дипломиран новинар и менџер за односи со јавноста во траење од 4 (четири) години со 240 ЕКТС

На студентот му се издава универзитетска диплома, во која се наведува и видот на факултетската стручна подготовка, стручниот назив, бројот на постигнатите кредити според ЕКТС - системот, како и средната оценка на успехот.

Дипломата е јавна исправа и се издава во еден примерок на македонски јазик.

По барање на кандидатот, дипломата се издава на некој од светските јазици на трошок на барателот.

За да ги заврши студиите, студентот мора да собере 240 ЕКТС, доколку избрал студии во траење од 4 (четири) години.

Студентот ги завршува студиите со јавна одбрана на дипломската работа.

**Начин на реализација на наставата**

Програмата се реализира низ предавања, вежби, клиничка настава и практична работа.

Ќе се организираат предавања само за оние предмети (задолжителни и изборни) за кои може да се формира група од најмалку 20 студенти.

**Методи на реализација на наставата**

Предавањата и аудиториските вежби се изведуваат „ex catedra“ или интерактивно со пишување на табла или со користење на лцд проектор, компјутер и други наставни средства.

**Оценување и бодување**

Во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната предметна програма студентот ги остварува преку континуирано и завршно оценување.

Преку континуираното оценување студентот стекнува бодови, за активности пропишани од наставникот што ја реализира соодветната предметна програма, на почеток од семестарот. Предмет на оценување можат да бидат следните активности:

- посета на предавања,
- успешно реализирани вежби,
- успешно реализирана практична работа (подготовка, нагледно средство, презентација, иновација и сл.),
- самостојна/домашна работа (есеј, проект, семинарска работа),
- полагање на колоквиуми,
- тестирање и
- завршен испит.

Завршниот испит за соодветната предметна програма може да биде:

- писмен,
- устен,

- писмен и устен,
- практичен, писмен и устен.

Завршниот испит студентот може да го полага откако ќе ги оствари потребните бодови од континуираното оценување.

Завршната оценка се формира врз основа на вкупно освоените бодови по двете основи на оценување (континуирано со 70 % освоени бодови и завршно оценување со 30 % освоени бодови).

Студентот ги стекнува доделените кредити за предметот по положување на испитот и заедно со оценката по конкретниот предмет се евидентираат во индекс и електронски индекс.

Задолжителните и изборните предмети од применетата програма ќе се полагаат по претходно изведена пракса во некоја судска или административна установа, електронски или пишан медиум, невладина организација, деловен субјект итн.

Завршното оценување се спроведува според Правилникот за кредит - трансфер систем.

Задолжителни сесии за полагање на испити се: *февруарска* и *јунска*, за предметите кои се слушаат во зимскиот семестар и *јунска* и *септемвриска* за предметите кои се слушаат во летниот семестар, како и дополнителни сесии во *април* и во *октомври*.

**Напредување во студиите**

Студентот напредува преку висината на остварените кредити.

Студентот во секој семестар запишува одреден број на предмети кои носат од 21 до 30 кредити.

За запишување на втора година се потребни мимимум 36 кредити.

За запишување на трета година се потребни минимум 90 кредити.

За запишување на четврта година се потребни 150 кредити.

Условот за запишување на наставни предмети во наредните семестри е даден во предметните програми за соодветните студиски програми.

Студентите не губат година, но повторуваат курс по некој предмети.

**НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР НА ПРАВЕН ФАКУЛЕТ**

| **Редовно вработени наставници и соработници** |
|---|
| Ред.проф. д-р Јован Ананиев |
| Вон.проф. д-р Војо Беловски |
| Вон.проф.д-р Игор Камбовски |
| Вон.проф. д-р Јадранка Денкова |
| Вон. проф. д-р Страшко Стојановски |
| Вон. проф. д-р Андон Мајхопшев |
| Вон. проф. д-р Борка Тушевска |
| Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска |
| Вон.проф. д-р Билјана Тодорова |
| Вон. проф. д-р Ивица Јосифовиќ |
| Вон.проф. д-р Дејан Маролов |
| Доц.д-р Ана Никодиновска Крстевска |
| Доц. д-р Кристина Мишева |
| Доц. Д-р Милица Шутова |
| Доц.д-р Марија Амповска |
| Доц. д-р Димитар Апасиев |
| Доц. д-р Елена Максимова |
| Асс. Д-р Александра Ангеловска |
| Асс. М-р Наташа Донева |

| **Наставници од други факултети при Универзитетот „Гоце Делчев “ – Штип** |
|---|
| Ред.проф. д-р Стеван Алексоски |
| Ред.проф. д-р Круме Николовски |
| Вон. проф. д-р Виолета Николовска |
| Доц.д-р Илија Груевски |
| Доц. д-р Кирил Барбарев |
| Доц. д-р Трајче Стојанов |
| Доц. д-р Дарко Лазаров |
| Доц. д-р Љупчо Давчев |
| Доц. д-р Стеван Габер |
| Доц.д-р Емилија Митева Кацарски |
| Доц.д-р Љубен Тевдовски |

| **Наставници во насловни звања ангажирани на Правен Факултет** |
|---|
| Наслов.вонр.проф. д-р Тодор Витларов |
| Наслов. вонр. проф. д-р Лазар Нанев |
| Наслов.вон.проф. д-р Жанета Попоска |
| Наслов.доц. д-р Јасмина Димитриева |
| |
| |

СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА Медиумски студии и односи со јавноста

– ПРВ ЦИКЛУС НА ЧЕТИРИГОДИШНИ СТУДИИ

Предметни програми, прва година - прв семестар

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4PF107117 | Вовед во новинарството | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 2. | 4PF107217 | Историја на новинарството | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 3. | 4PF111317 | Слобода на медиуми и изразување | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 4. | 4PF108917 | Современа политичка историја на Европа и Балканот | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 5. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.1-1 | 4 | 2+1+1 | |
| 6. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.1-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 5. | UGD102717 | Спорт и рекреација | 0 | 0+0+0 | 0 |
| | | | | | |
| Вкупно ЕКТС | | | 30 | | |

Листа бр.1-1 на изборни факултетски предмети (се избираат 2 предмета)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4EK107017 | Основи на економија | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 2. | 4PF100417 | Јавна администрација | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 3. | 4PF100517 | Правосуден систем на РМ | 4 | 2+1+1 | 120 |

Предметни програми, прва година - втор семестар

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF107317 | Основи на комуникација | 8 | 3+2+1 | 240 |
| 2 | 4PF100717 | Политички систем | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 3 | 4PF107417 | Медиумско право и етика | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.2-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 5 | | Изборен универзитетски предмет од листа бр. 9 | 4 | 0+0+4 | 120 |
| | 4PF112017 | Практична настава* | 2 | 0+0+2 | 60 |
| Вкупно ECTS | | | 30 | | |

* Практична настава – задолжителна реализација за премин во следна студиска година, само за 1 циклус на студии. Се изведува 30 дена.

Листа бр.2-1 на изборни факултетски предмети (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF100917 | Човекови права | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 2 | 4PF101017 | Граѓанско општество | 4 | 2+1+1 | 120 |

Предметни програми, втора година, трет семестар

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4PF107517 | Односи со јавноста | 8 | 3+2+1 | 240 |
| 2. | 4PF107617 | Македонски јазик со култура на пишување и изразување | 8 | 3+2+1 | 240 |
| 3. | 4PF107717 | Медиумски жанрови | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 4. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.3-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 5. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.3-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| | | | | | |
| Вкупно ЕКТС | | | 30 | | |

Листа бр.3-1 на изборни факултетски предмети (се избираат два предмети)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF101617 | Еколошко право | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 2 | 4PF101517 | Локална самоуправа | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 3 | 4PF101717 | Институции на ЕУ | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 4 | 4FF100817 | Англиски јазик | 4 | 2+1+1 | 120 |

Предметни програми, втора година, четврт семестар

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF107817 | Јавен говор и јавен настап | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 2 | 4PF108817 | Пишување за печатени медиуми | 8 | 3+2+1 | 240 |
| 3 | 4PF107917 | Култура на комуницирање | 6 | 2+2+1 | 180 |
| | | | | | |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.4-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 5 | | Изборен универзитетски предмет од листа бр. 9 | 4 | 0+0+4 | 120 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4PF112117 | Практична настава* | 2 | 0+0+2 | 60 |
| Вкупно ECTS | | | 30 | | |

* Практична настава – задолжителна реализација за премин во следна студиска година, само за 1 циклус на студии. Се изведува 30 дена.

Листа бр. 4.1 на изборни факултетски предмети (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF102117 | Социјално право | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 2 | 4PF102217 | Реторика и права аргументација | 4 | 2+1+1 | 120 |

Предметни програми, трета година, петти семестар

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF108117 | Радио и ТВ новинарство | 8 | 3+2+1 | 240 |
| 2 | 4PF108217 | On – line медиуми | 8 | 3+2+1 | 240 |
| | 4PF108317 | Јавност и јавно мислење | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 3 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.5-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| | | | | | |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.5-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| | | | | | |
| Вкупно | | | 30 | | |

Листа бр. 5.1 на изборни факултетски предмети (се избираат 2 предмет)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF102717 | Управни спорови | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 2 | 4PF102817 | Семејно право | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 3. | 4PF102917 | Меѓународни организации | 4 | 2+1+1 | 120 |

Предметни програми, трета година, шести семестар

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF108417 | Истражувачко новинарство | 8 | 3+2+1 | 240 |
| 2 | 4PF108517 | Медиуми и општество | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 3 | 4PF110317 | Геополитика | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр. 6-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 5 | | Изборен универзитетски предмет од листа бр. 9 | 4 | 0+0+4 | 120 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4PF112217 | Практична настава* | 2 | 0+0+2 | 60 |
| Вкупно | | | 30 | | |

* Практична настава – задолжителна реализација за премин во следна студиска година, само за 1 циклус на студии. Се изведува 30 дена.

Листа бр. 6.1 на изборни факултетски предмети (се избира еден предмет)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ЕКТС | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF103317 | Пенологија | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 2 | 4PF103417 | Филозофија на право | 4 | 2+1+1 | 120 |

Предметни програми, четврта година, седми семестар

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ЕКТС | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF108617 | Заштита од дискриминација и говор на омраза | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 2 | 4PF106717 | Меѓународни односи | 8 | 3+2+1 | 240 |
| 3 | 4PF108717 | Човечки ресурси | 8 | 3+2+1 | 240 |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.7-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 5 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.7-1 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| Вкупно | | | 30 | | |

Листа бр. 7.1 на изборни факултетски предмети (се избираат два предмети)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ЕКТС | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF110717 | Организиран криминал и корупција | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 2 | 4PF110217 | Мултикултурализам и меѓуетнички односи | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 3 | 4PF110817 | ЕУ интеграции | 4 | 2+1+1 | 120 |

Предметни програми, четврта година, осми семестар

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ЕКТС | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF110017 | Република Македонија и евроинтеграциските процеси | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 2 | 4PF108817 | Основи на протокол | 6 | 2+2+1 | 180 |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.8 | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 5 | | Изборен универзитетски предмет од листа бр. 9 | 4 | 0+0+4 | 120 |
| | 4PF112317 | Практична настава- интердисциплинарен проект | 4 | 0+0+4 | 60 |
| | | Дипломски труд | 6 | 0+0+5 | 150 |
| Вкупно | | | 30 | | |

Практичната настава – интердисциплинарен проект е предвидена во 8 семестар, ќе биде вреднувана со 4 ЕКТС. За неа има предвидено ментор кој треба да биде од редот на стручните предмети на факултетот. Ќе се изведува 2 дена во неделата по 4 часа, или еден ден во неделата по 8 часа.

Листа бр. 8.1 на изборни факултетски предмети (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4PF104312 | Лобирање и интересни групи | 4 | 2+1+1 | 120 |
| 2 | 4PF104412 | Номотехника | 4 | 2+1+1 | 120 |

Листа бр. 9 на изборни предмети од слободната листа на Универзитетски предмети за прв циклус на студии (се избираат 4 - четири предмети)

| Код | Листа на Универзитетски изборни предмети<br>II, IV, VI и VIII семестар | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **П Р Е Д М Е Т** | **Кредити** | **Часови** | **Вкупно** |
| UGD100117 | Македонска литература и култура | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100217 | Македонски јазик, правопис и правоговор | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100317 | Етика | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100417 | Историја на Македонија | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100517 | Авторско право | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100617 | Толеранција и решавање на конфликти | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100717 | Бизнис системи | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100817 | Туристичка индустрија | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100917 | Претприемништво и иновации | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101017 | Менаџмент на себеразвојот и однесувањето | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101117 | Бизнис економија | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101217 | Хорско пеење | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101317 | Музика и уметност | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101417 | Вовед во историја на филм | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101517 | Драматургија | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101617 | Основи на цртање | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101717 | Историја на класично сликарство | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101817 | Промоција на здравје | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101917 | Орално здравје и хигиена | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102017 | Скапоцени и полускапоцени минерали | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102117 | Наука за земјата | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102217 | Наука за живиот свет | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102317 | Заштита на животната средина | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102417 | Интелигентни електронски компоненти и уреди | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102517 | Планирање на експеримент | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102617 | Историја на облека | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102717 | Менаџмент и контрола на квалитет | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102817 | Информатика | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102917 | Основи на програмирање | 4 | 0+0+4 | 120 |